РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

Бр./Nr 12-3635/2
16-01-2024 г./v.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), член 40 став 2 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 98-та седница одржана на 11.01.2023 година ја донесе следната

**ОДЛУКА**

Пријавата заведена под број 12-3635/1 од 20.07.2023 година, од страна на непознат подносител, против ---, **СЕ ОТФРЛА.**

ДКСК утврди дека, согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, нема елементи за надлежно постапување за предметниот случај од причина што надодите се општи односно нема јасни наводи или укажувања за незаконити или недозволиви дејствија на службеното лице при вршењето на јавните овластувања и службената должност, се работи за анонимна пријава и не можат да се обезбедат дополнителна проверка на наводите.

Предметот со број 12-3635/1 од 20.07.2023 година да се затвори и архивира.

Оваа одлука во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

**Образложение**

Од страна на непознат подносител, на ден 20.07.2023 година, поднесена е пријава ---, и оформен е предмет број 12-3635/1 од 20.07.2023 година.

*Во пријавата подносителот наведува сомневања за неправилности кои се однесуваат на повреда на Закон за работни односи, манипулацција со врботените, непрофесионално и незаконите работење, злоупотреба на слижбени овластувања, итн.*

По разгледувањето на предметните наводи, ДКСК констатира дека во случајот/пријавата, нема доволно податоци со кои би се конкретизирале пријавените наводи и нема можност да се обезбедат дополнителни информации за наводите во пријавата по што оцени дека нема јасни наводи или укажувања за незаконити или недозволиви дејствија на службеното лица при вршење на јавните овластувања и службената должност

Врз основа на наведеното, ДКСК одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

Изготвил: А.С.
Одобрил: Г.Т

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Заменик Претседател**
**Софка Пејовска Дојчиновск**

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk